**АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

Врз основа на член 7, алинеја 9 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник“ на Република Македонија број 72/2007, 5/2009, 43/2014, 193/15 и 39/16), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руалниот развој го објавува следниот

# Ј А В Е Н П О В И К б р . 0 3 / 2 0 1 7

**за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година**

## I. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој оглас е доделување на финансиска поддршка за следнава мерка:

| *Код на мерка* | *Назив на мерката* | *Максимална вредност на прифатливи трошоци* |
|---|---|---|
| *112* | ***Помош на млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност*** | **до 600.000,00 денари прифатливи трошоци по поединечен корисник** |

## II. КОРИСНИЦИ

Право на користење на средства имаат следните субјекти, и тоа:

| *Субјекти* | *Код на мерка* |
|---|---|
| Земјоделски стопанства запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС) во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно Закон за земјоделство и рурален развој | *Мерка 112* |

## III. ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Средствата се наменети за инвестиции за набавка на нови основни средства, оперативни трошоци поврзани со набавените средства и останати трошоци предвидени со Програмата за финансиска поддршка на руралиот развој за 2017 година.

Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник за Мерка 112 изнесува до 600.000,00 денари. Средствата се доделуваат за период на реализација на деловниот план и се исплаќа на годишно ниво во најмногу три рати. Поддршката е условена со задолжително исполнување на предвидените активности од Деловниот план за мерка 112

## IV. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА

Барањата за поднесуваат електронски по извршена регистрација на e-baranje.ipardpa.gov.mk.

Еден барател може да поднесе едно барање само за една мерка. Еден барател може да поднесе најмногу 2 поединечни барања по различни мерки земајќи ги предвид и останатите мерки од Програмата за рурален развој за 2017 година.

Условите кои треба да ги исполнуваат барателите на средства се утврдени со:

- **Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 192/2016, 07/2017, 44/2017 и 100/2017) ,**
- **Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013 , 106/2013, 177/2014, 25/2015, 73/2015, 83/2015, 154/2015 11/16, 53/16, 120/16, 163/16 и 74/2017),**

- **Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршка од мерките за рурален развој, прифатливи трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2011, 80/2013, 72/2014, 88/2015 и 35/2016),**
- **Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурелен развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2011, 80/2013, 35/15 и 101/17 ).**

Барателите на финансиска поддршка потребно е да креираат електронско барање за финансиска поддршка со податоци за локација на инвестицијата, податоци за инвестицијата и да прикачат задолжителни електронски документи (понуда за предложената инвестиција и деловен план изготвен согласно предвидениот образец „Деловен План за Мерка 112“)

**Барателите кои ги исполниле условите за користење на средства за мерката 121 се рангираат со бодување утврдено во Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој (“Службен весник на Република Македонија бр. 101/2017”)**
**Барањата со ист број на бодови ќе се рангираат според датумот и времето на поднесување на барањето.**
**Барателите не смеат да започнат со реализација на инвестицијата пред потпишувањето на Договорот за ко-финансирање со Агенцијата.**
Барањата кои не се поднесени електронски нема да се разгледуваат.

## V. ПОДИГНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ И УПАТСТВА

Упатството за регистрација на барателите во системот за електронско поднесување на барање може да се превземе на почетната страна e-baranje.ipardpa.gov.mk. **Упатството за корисници за поединечна мерка може да се превземе по започнување на креирање на барање за мерката.**

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**Ул. 3-та Македонска бригада бр.20 ( Зграда на Македонија Табак блок Ц )**
**1000 Скопје**

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Електронски пополнетото барање за финансиска поддршка потребно е да се превземе, испечати и потпише и заедно со целокупната пропратната документација да се достави до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во затворен коверт на кој на предната страна во горниот лев агол стои **Барање за финансиска поддршка и Архивскиот број на Барањето (0316-12116-XXXX/1)**. Барањето може да се достави по пошта или лично во писарницата на Агенцијата, во спротивно Агенцијата не превзема одговорност за ненавремено и некомплетно пристигнување во писарницата или предвремено отворање на барањето.
**Крајниот рок за доставување на барањата за финансиска поддршка е 29.08.2017 година.**

**Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-460 или на контакт е-маил адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk.

Контакт: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на проекти.

Телефон **02 3097 - 460**, секој работен ден од 08.30 до 16.30 часот

Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk